**20131643989**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за приватно обезбедување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 21 ноември 2013 година.

Бр. 07-4620/1
21 ноември 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за приватно обезбедување („Службен весник на Република Македонија“ број 166/12), во членот 7 точки 11 и 12 зборовите: „на лица и имот“ се бришат.

Во точките 14 и 17 зборовите: „обезбедување на лица и имот“ се заменуваат со зборовите: „приватно обезбедување“.

Член 2

Во членот 13 став (2) точка 6 зборот „знакот“ се заменува со зборот „ознаката“.

Член 3

Во членот 14 точката 5 се менува и гласи:

„поседува акт со кој се пропишува изгледот на работната облека на работниците за обезбедување и“.

Член 4

Во членот 22 став (1) точката 7 се менува и гласи:

„да е оспособено за физичко обезбедување, односно да е оспособено за техничко обезбедување;“.

Член 5

Членот 24 се менува и гласи:

“(1) Стручните испити за физичко и техничко обезбедување од членот 22 став (1) точка 8 од овој закон ги организира и спроведува Комората, а се полагаат пред Комисијата за спроведување стручен испит за физичко обезбедување и Комисијата за спроведување стручен испит за техничко обезбедување кои ги формира министерот за внатрешни работи.

(2) Комисиите од ставот (1) на овој член се составени од тројца членови и нивни заменици, при што еден член и неговиот заменик се претставници на Министерството, а двајца членови и нивни заменици се претставници на Комората од кои еден член и неговиот заменик се информатичари.

(3) Проверка на оспособеноста за ракување со огнено оружје како дел од стручниот испит за физичко обезбедување врши Комисија за проверка на оспособеноста за ракување со огнено оружје на Министерството составена од тројца полициски службеници и нивни заменици.

(4) Трошоците за полагање на стручните испити се на товар на барателот на лиценцата за обезбедување.“

Член 6

По членот 24 се додаваат осум нови члена 24-а, 24-б, 24-в, 24-г, 24-д, 24-ѓ, 24-е и 24-ж, кои гласат:

„Член 24-а

Оспособувањето на физичките лица за вршење на приватно обезбедување и спроведувањето на стручните испити за физичко и за техничко обезбедување се врши согласно со програма за оспособување и полагање стручен испит за физичко обезбедување и програма за оспособување и полагање стручен испит за техничко обезбедување.

Член 24-б

(1) Стручните испити за физичко и за техничко обезбедување се спроведуваат во два дела, и тоа:

- теоретски (прв) дел со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите и
- практичен (втор) дел со кој се проверуваат практичните способности на кандидатите.

(2) Теоретскиот и практичниот дел од стручниот испит за физичко обезбедување опфаќаат:

А. Теоретски дел:

1) Законот за приватно обезбедување;
2) кривично право (општ и посебен дел);
3) криминалистика;
4) психологија;
5) Законот за прекршоците против јавниот ред и мир;
6) противпожарна заштита и техничко обезбедување и
7) прва помош и

Б. Практичен дел

1) ракување и гаѓање со огнено оружје и
2) самоодбрана.

(3) Теоретскиот и практичниот дел од стручниот испит за техничко обезбедување опфаќаат:

А. Теоретски дел:

1) основи на електротехника и телекомуникации;
2) видови на системи за техничко обезбедување;
3) скицирање, планирање и изведба на системи за техничко обезбедување;
4) Законот за приватно обезбедување и
5) Законот за заштита на личните податоци и
Б. Практичен дел
1) планирање и инсталирање на системи за техничко обезбедување.

(4) Теоретскиот дел од стручните испити за физичко и за техничко обезбедување се полага по електронски пат, со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

Член 24-в

(1) Комисиите од членот 23 од овој закон изготвуваат бази на прашања за теоретскиот дел од стручните испити за физичко и за техничко обезбедување.

(2) Прашањата за теоретскиот дел од стручните испити за физичко и за техничко обезбедување ги верификуваат комисиите од членот 24 став (1) од овој закон.

(3) Комисиите од ставот (2) на овој член вршат и ревизија и ажурирање на базите на прашања најмалку еднаш годишно.

(4) При ревизијата комисиите особено ги имаат предвид измените на правните прописи на кои е засновано прашањето, бројот на кандидати кои го одговарале, успешноста во одговарањето на истите, како и други критериуми кои можат да влијаат врз подобрувањето на квалитетот на базите на прашања.

(5) Врз основа на извршената ревизија и ажурирање на базите на прашања комисиите одлучуваат прашањата да бидат изменети или целосно отстранети од базите.

Член 24-г

(1) Теоретскиот дел од стручните испити за физичко и за техничко обезбедување се полага во просторија за полагање испит определена од страна на Комората, која е посебно опремена за полагање на стручен испит со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето.

(2) Полагањето на стручните испити од ставот (1) на овој член се снима и во живо се емитува на веб страницата на Министерството, а ако поради технички причини снимањето се прекине, снимката од целиот испит се поставува на веб страницата на Министерството.

Член 24-д

(1) Пред почетокот на полагањето на стручните испити за физичко и за техничко обезбедување, претставникот од Министерството го утврдува идентитетот на кандидатот со увид во лична карта.

(2) На кандидатот за време на полагањето на стручните испити не му се дозволува користење на закони, закони со коментар и објаснување, мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други технички и информатички средства, претходно подготвени предмети и слично, ниту му се дозволува да контактира со други кандидати или лица освен со информатичарот од членот 24 од овој закон, во случај доколку има технички проблем со компјутерот.

(3) Доколку кандидатот при полагањето на стручните испити постапува спротивно на ставот (2) на овој член, нема да му се дозволи натамошно полагање на испитот, при што се смета дека кандидатот не го положил стручниот испит и истото се констатира во извештајот за спроведен теоретски дел од стручниот испит за физичко и за техничко обезбедување.

Член 24-ѓ

(1) Стручниот испит за физичко, односно стручниот испит за техничко обезбедување започнува со полагање на теоретскиот дел, а кандидатот кој го положил теоретскиот дел потоа го полага и практичниот дел од испитот.

(2) Теоретскиот дел од испитот се полага по секој од предметите наведени во членот 24-б ставови (2) дел А и (3) дел А од овој закон и содржи најмалку десет прашања со три опции за заокружување од кои една е точна, една е слична и една не е точна.

(3) Кандидатот мора да оствари најмалку 70% точни одговори од прашањата од најмалку пет предмети со што се смета дека делумно го положил стручниот испит.

(4) Во случај кога кандидатот делумно ќе го положи теоретскиот дел од стручниот испит, кандидатот може да полага поправен испит заради целосно полагање на стручниот испит најдоцна во рок од шест месеци од денот на започнувањето на оспособувањето за физичко, односно техничко обезбедување, при што мора да оствари најмалку 70% точни одговори од секој предмет за кој полага поправен испит.

(5) Доколку кандидатот не го положил стручниот испит согласно со ставовите (3) и (4) на овој член ќе се смета дека не го положил испитот.

Член 24-е

(1) Полагањето на теоретскиот дел од стручните испити за физичко и за техничко обезбедување се врши со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер, согласно со упатството за начинот на решавање на истиот, за кое претставникот на Министерството дава појаснување пред да започне полагањето на испитот.

(2) Прашањата од тестот, зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во тестот.

(3) Прашањата содржани во тестовите за полагање на теоретскиот дел и нивните одговори се чуваат во единствениот електронски систем за полагање на стручните испити за физичко и за техничко обезбедување, кој го воспоставува и одржува Комората.

(4) Електронскиот систем од ставот (3) на овој член содржи и достапна база од најмалку 300 прашања од областа на предметите од членот 24-б ставови (2) дел А и (3) дел А од овој закон.

(5) Резултатите од полагањето на стручниот испит му се достапни на кандидатот на компјутерот на кој го полагал испитот, веднаш по неговото завршување.

(6) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од тестот за полагање на стручниот испитот изнесува 150 минути.

Член 24-ж

(1) Тестовите се користат и му се достапни на кандидатот само за време на полагањето на стручниот испит.

(2) Материјалите и снимките од одржаните стручни испити се чуваат во Комората.

(3) Комисијата од членот 66 став (3) од овој закон врши ревизија на спроведените стручни испити, а во својата работа ги користи материјалите и снимките од ставот (2) на овој член.

(4) Комисијата од ставот (3) на овој член се состанува најмалку еднаш годишно и врши ревизија на начинот на спроведување на најмалку две полагања на стручните испити одржани во тековната година.“

Член 7

Во членот 29 став (5) точка 2 по зборовите: „телесна заштита“ се додаваат зборовите: „на лица“.

Член 8

Во членот 32 став (1) зборовите: „на лица и имот“ се бришат.

Член 9

Во членот 66 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Министерот за внатрешни работи формира комисија за вршење надзор над работата на Комората и правните лица за приватно обезбедување која е составена од претседател, тројца членови и нивни заменици.“

Член 10

Во членот 69 став (1) зборовите: „обезбедување на лица и имот“ се заменуваат со зборовите: „приватно обезбедување“.

Член 11

Во членот 73 став (1) точка 6 зборовите: „работниците за приватно обезбедување на лица и имот“ се заменуваат со зборовите: „работниците за обезбедување“.

Член 12

По членот 76 се додава нов член 76-а, кој гласи:

„Член 76-а

Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече за прекршок на Комората ако не го снима, не го емитува во живо на веб страницата на Министерството и доколку не ја постави снимката од целиот испит на веб страницата на Министерството, согласно со членот 24-г од овој закон.“

Член 13

Во членот 79 по точката 3 се додава нова точка 4, која гласи:

„4) критериумите во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на стручните испити за физичко и за техничко обезбедување;“.

Точките 4, 5, 6, 7 и 8 стануваат точки 5, 6, 7, 8 и 9.

Член 14

Подзаконскиот пропис предвиден во членот 13 став 1 од овој закон ќе се донесе во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 15

Започнатите постапки за полагање на теоретскиот дел од стручните испити за физичко и за техничко обезбедување до денот на започнувањето на примената на овој закон ќе завршат според одредбите на прописите по кои започнале.

Член 16

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе започне да се применува по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.